# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 30 Август 2021 година Скопје<br>Бр.8 Год. XVI |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Извештај за работата на полициската станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за Прво шестмесечие за 2021 година ....................стр.2
2. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Ѓорче Петров за 2022 година ....................стр.4
3. Одлука за усогласување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-2896/5 од 11.12.2007 година и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-1232/4 од 29.05.2008 година ....................стр.6
4. Одлука за основање на Центар за развој на Скопски плански регион ....................стр.11
5. Годишни извештаи за работа на ООУ на општина Ѓорче Петров за учебната 2020/2021 година ....................стр.17
6. Годишни програми за работа на ООУ на општина Ѓорче Петров со вклучена Програма за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 ....................стр.19
7. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ ....................стр.21
8. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „МИРЧЕ АЦЕВ“ ....................стр.23
9. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „ДИМИТАР ПОП ГЕОРГИЕВ БЕРОВСКИ“ ....................стр.25
10. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ ....................стр.27
11. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „ТИХОМИР МИЛОШЕСКИ“ ....................стр.29

12. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“ ....................................................................................стр.31
13. Годишни планови за вработување на ООУ„ Ѓорче Петров“ за 2022 година ...............................стр.33
14. Годишни планови за вработување на ООУ„ Мирче Ацев“ за 2022 година ..................................стр.35
15. Годишни планови за вработување на ООУ„ Димитар Поп Георѓиев Беровски“ за 2022 година ....................................................................................................................................................................стр.37
16. Годишни планови за вработување на ООУ„ Страшо Пинџур“ за 2022 година ............................стр.39
17. Годишни планови за вработување на ООУ„ Тихомир Милошески“ за 2022 година .................стр.41
18. Годишни планови за вработување на ООУ„ Јоаким Крчовски“ за 2022 година .........................стр.43
19. Годишнен Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за период од 2020/2021 година ..................................................................................стр.45
20. Годишна Програма за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“Ѓорче Петров – Скопје, за период од 2021/2022 година ..................................................стр.47
21. Одлука за усвојување на финансиски планови на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ Ѓорче Петров –Скопје, за 2022 година ..............................................................стр.49
22. Одлука за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Росица“ Ѓорче Петров –Скопје ....................................................................................................................стр.51
23. Годишен План за вработување на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за 2022 година ..................................................................................................................стр.53
24. Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од општинските основни училишта во општина Ѓорче Петров во 2021 година .............................стр.55
25. Заклучок за доделување благодарници на Противпожарна единица Ѓорче Петров по повод празникот на општината Ѓорче Петров во 2021 година ..................................................................стр.59

**Август 2021 година**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за работата на полициската станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за Прво шестмесечие за 2021 година**

**Се објавува Заклучокот за работата на полициската станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за Прво шестмесечие за 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров го донесе на Педесет и седмата седница, одржана на ден 30.08.2021 година.**

**Број 09-1578/1**
**од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 25 од Законот за полиција (Службен Весник на Р.М. бр. 114/06), член 16 став 1 точка 28 и 37 од од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/2021), советот на општина Ѓорче Петров на 57-та седница одржана на 30.08.2021 година, донесе:**

## ЗАКЛУЧОК
### за усвојување на Извештај за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров“ за безбедносната состојба на подрачјето на општина Ѓорче Петров за Прво шестомесечие од 2021 година

1. **Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот на Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за безбедносната состојба на подрачјето на општина Ѓорче Петров за Прво шестомесечие од 2021 година.**

2. **Заклучокот ќе се објави во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1538/3**
**од 30.08.2021 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Ѓорче Петров за 2022 година**

**Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Ѓорче Петров за 2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и седмата седница, одржана на ден 30.08.2021 година.**

**Број 09-1578/2**
**од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19 и 14/20), член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/2014, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/2021), советот на општина Ѓорче Петров на 57-та седница одржана на 30.08.2021 година, донесе:**

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Годишен план**
**за вработување за 2022 година**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување на општина Ѓорче Петров за 2022 година, број 04-1512/1 од 18.08.2021 година.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1538/4**
**од 30.08.2021 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усогласување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-2896/5 од 11.12.2007 година и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-1232/4 од 29.05.2008 година**

**Се објавува Одлуката за усогласување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-2896/5 од 11.12.2007 година и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-1232/4 од 29.05.2008 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и седмата седница, одржана на ден 30.08.2021 година.**

**Број 09-1578/3**
**од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 86 став 1, а во врска со член 26 став 5, и член 84 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.Весник на РСМ бр.24/2021,174/2021), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/2021), советот на општина Ѓорче Петров на 57-та седница одржана на ден 30.08.2021 година, донесе:**

## ОДЛУКА

### за усогласување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-2896/5 од 11.12.2007 година и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-1232/4 од 29.05.2008 година

**Член 1**

**Во член 3 став1 зборот "Гази Баба" , се заменуваат со зборовите "Центар".**

**Член 2**

**Во член 4 став 1 зборовите "ги врши следниве работи" се заменуваат со зборовите "спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Скопски плански регион и тоа":**

**Во член 4 став 1 алинеја 3 на крајот на реченицата се додаваат зборовите "и предлог- проекти за финансирање на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност".**

**Во член 4 став 1 алинеја 4 зборовите "најдоцна до 15-ти декември во тековната година до Бирото за регионален развој" се заменуваат со зборовите "во законски определен рок".**

**Во член 4 став 1 алинеја 10 зборовите "за единиците за локална самоуправа при" се заменуваат со зборовите "на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во".**

**Во член 4 став 1 алинеја 11 зборовите "здруженијата на граѓани" се заменува со "здруженија".**

**Во член 4 став 1 алинеја 13 на почетокот се додаваат зборовите "изготвува, поднесува апликации и".**

**Во член 4 став 1 алинеја 15 по зборот "работење" се додаваат зборовите "чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот", зборот "доставува" се заменува со зборот "поднесува" и зборовите "единиците на локалната самоуправа" се заменуваат со " општините во состав на скопскиот плански регион и Градот Скопје."**

**Во член 4 став 1 алинеја 16 зборот "административни" се заменуваат со зборовите "административно-технички".**

**Во член 4 став 1 по алинеја 16 се додаваат три нови алинеи 17, 18 и 19 кои гласат:**

- **Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;**

- **Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институциии**
- **Врши и други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.**

**Член 3**

**Во член 5 став 1 зборот "раководител" се заменуваат со зборот "директор", зборот "конкурс" се заменуваат со зборот "оглас" по кој се додаваат зборовите "во согласност со Законот за рамномерен регионален развој".**

**Во член 5 се додава нов став 2 и став 3 , додека став 2 ќе биде став 4 , ставот 3 ќе биде став 5 и тоа:**

**Јавниот оглас за избор на Директор на Центарот го распишува Советот за развој на планскиот регион, најмалку во рок од 60 дена од денот пред истекот на мандатот. Јавниот оглас се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден во еден од весниците кој се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.**

**Против Решението во рок од 8 (осум) дена од енот на приемот на известувањето за избор на директор, може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор сепен.**

**Во член 5 ставот 2 станува став 4, во истиот став зборот "раководител" се заменуваат со зборот "директор", и по зборот "2/3 мнозинство" се додаваат зборовите "гласови од вкупниот број на членови".**

**Во член 5 ставот 3 станува став 5, во истиот став зборот "раководител" се заменуваат со зборот "директор".**

**Член 4**

**Членот 6 се менува и гласи:**

**„За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.**

**Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.**

**Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.**

**Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот."**

**Член 5**

**Членот 7 се менува и гласи:**

**Директорот на Центарот**

**- го претставува и застапува Центарот**
**- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот;**

**- предлага годишниот финансиски план и завршна сметка на Центарот и завршни**
**годишни сметки на проектите на Центарот;**
**- донесува Правилник за систематизација на работните места во стручната служба на**
**Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на планскиот регион,**
**- раководи со стручната служба на Центарот,**
**- предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион;**
**- раководи со процесот на следење на спроведување на Програмата за развој на планскиот регион.**
**- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведување на Програмата на Министерството, за спроведување на Стратегијата, од надлежност на Центарот;**
**- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планските региони;**
**- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион**
**- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски организации кои поддржуваат проекти за развој на планскиот регион и на општините што влегуваат во неговиот состав;**
**- обезбедува правилно и законите користење, одржување и заштита на имотот на Центарот;**
**- врши и други работи утврдени со закон, актот за основање и другите општи акти.**

**Член 6**

**Членот 8 се менува и гласи:**
**Центарот има стручна служба, која ја организира во одделенија и оддели.**
**Одлуката на Правилникот за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на планскиот регион, на предлог на директорот на Центарот.**
**Правата обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат согласно Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници. Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Планскиот регион.**
**Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.**

**Член 7**

**Во член 9 став 1 зборот “Годишен буџет” се заменуваат со зборот “финансиски план”, зборот “раководител” се заменуваат со зборот “Директор”.**
**Во член 9 став 2 зборот “Буџет” се заменуваат со зборот “финансиски план”.**
**Во член 9 став 3 зборот “Буџетот” се заменуваат со зборот “финансиски план”.**

**Во член 9 став 5 зборот “Буџетот” се заменуваат со зборот “финансиски план”., и по запирката зборот “Буџетот” се заменуваат со зборот “финансиски план”.**

**Член 8**

**Во членот 11 се додава нов член 11 –а кој гласи:**

**“Член 11 – а”**

**Средствата за реализација на активностите и задачите на Центарот се обезбедени од страна на Министерство за локална самоуправа.**

**Општините кои влегуваат во состав на Скопски планскиот регион и Градот Скопје, кои се крајни корисници на проекти за развој на планскиот регион, за секој одобрен проект исплаќаат во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на Центарот за реализација и имплементација, а се во согласност со правилник кој ќе го донесе Министерот т.е. член 31 став 7 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24/21).**

**Член 9**

**Во член 12 став 1 зборот “раководител” се заменуваат со зборот “директорот”, по зборот “доставува” се додаваат зборовите “на усвојување”, а по зборовите “за работа на Центарот” се става “запирка” и се додаваат зборовите “кој е составен дел на годишниот извештај за работењето на Центарот”.**

**Член 10**

**Во член 13 став 1 зборот “раководител” се заменуваат со зборот “директорот”.**

**Член 11**

**Членот 14 се менува и гласи:**

**Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а градоначалниците на општините во Скопскиот плански регион и Градот Скопје и Директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за финансирање на своите задачи и активности на Центарот за тековната година.**

**Член 12**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1538/5**
**Од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за основање на Центар за развој на Скопски плански регион - Пречистен текст**

**Се објавува Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион - Пречистен текст, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и седмата седница, одржана на ден 30.08.2021 година.**

**Број 09-1578/4**
**од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа (сл.весник на РМ бр.05/02), член 86 став 1, а во врска со член 26 став 5, и член 84 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.Весник на РСМ бр.24/2021,174/2021), а согласно Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион (број 07-2896/5 од 11.12.2007 година), Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион (број 07-1232/4 од 29.05.2008 година) и Одлуката за усогласување на Одлука за основање на Центар за развој на Скопски плански регион (број 08-1538/5 од 30.08. 2021 година), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/2021), советот на општина Ѓорче Петров на 57-та седница одржана на ден 30.08.2021 година, донесе:**

## ОДЛУКА
### за основање на Центар за развој на Скопски плански регион
### (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

**Општи одредби**

**Член 1**

**Заради вршење на стручни работи од значење на скопскиот плански регион, се основа Центар за развој на Скопскиот плански регион**

**Член 2**

**Центарот за развој на Скопскиот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.**

**Член 3**

**Седиште на Центарот за развој на скопскиот плански регион е во Скопје на подрачјето на општина Центар.**

**Делокруг на работа на Центарот**

**Член 4**

**Центар за развој на Скопски плански регион спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Скопски плански регион и тоа:**

- **Ја изготвува предлог-програмата за развој на планскиот регион;**
- **Изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот развој;**
- **Подготвува предлог-проекти за развој на планскиот регион, за подрачја со специфични развојни потреби и предлог- проекти за финансирање на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност;**
- **Ги доставува предлог-проектте за регионалниот развој, врз основа на утврдената листа на предлог-проекти од страна на Советот за развој на Скопскиот плански регион, во законски определен рок;**

- **Ги координита активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;**
- **Склучува договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;**
- **Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;**
- **Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;**
- **Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;**
- **Обезбедува стручна и техничка помош на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во подготвувањето на нивните програми за развој;**
- **Обезбедува стручни услуги за здруѓенија и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;**
- **Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;**
- **Изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европсла унија и други меѓународни извори;**
- **Врши промоција на развојните можности на планскиот регион:**
- **Подготвува годишен извештај за своето работење чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот и истиот го поднесува до Советот за развој на скопскиот плански регион и Советите на општините во состав на скопскиот плански регион и Градот Скопје.**
- **Врши стручни и административно-технички работи за потребите на Советото за развој на Скопскиот плански регион;**
- **Реализира активноси за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;**
- **Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институциии**
- **Врши и други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.**

**Организациска поставеност**

**Член 5**

**Центарот за развој на Скопскиот плански регион (во натамошен текст; Центарот) има директор, кој се избира по пат на јавен оглас, во согалсност со Законот со рамномерен регионален развој.**

**Јавниот оглас за избор на Директор на Центарот го распишува Советот за развој на планскиот регион, најмалку во рок од 60 дена од денот пред истекот на мандатот. Јавниот оглас се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден во еден од весниците кој се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.**

**Против Решението во рок од 8 (осум) дена од енот на приемот на известувањето за избор на директор, може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор сепен.**

**Директорот на Центарот го избира Советот за развој на скопски плански регион, со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови.**
**Мандатот на Директорот на Центарот е 4(четири) години, со право на повторен избор.**

**Член 6**

**„За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.**

**Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.**

**Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.**

**Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот."**

**Член 7**

**Директорот на Центарот**

**- го претставува и застапува Центарот**
**- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот;**
**- предлага годишниот финансиски план и завршна сметка на Центарот и завршни годишни сметки на проектите на Центарот;**
**- Донесува Правилник за систематизација на работните места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на планскиот регион,**
**- раководи со стручната служба на Центарот,**
**- предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион;**
**- раководи со процесот на следење на спроведување на Програмата за развој на планскиот регион.**
**- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведување на Програмата на Министерството, за спроведување на Стратегијата , од надлежност на Центарот;**
**- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планските региони;**
**- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион**
**- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски организации кои поддржуваат проекти за развој на планскиот регион и на општините што влегуваат во неговиот состав;**
**- обезбедува правилно и законите користење, одржување и заштита на имотот на Центарот;**
**- врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите општи акти.**

**Член 8**

**Центарот има стручна служба, која ја организира во одделенија и оддели.**

**Одлуката на Правилникот за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на планскиот регион, на предлог на директорот на Центарот.**

**Правата обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат согласно Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници. Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Планскиот регион.**

**Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.**

**Финансирање на Центарот**

**Член 9**

**Центарот има финасиски план, кој се предлага од страна на директорот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на скопскиот плански регион.**

**Предлог финансиски план на Центарот, мора најдоцна да се достави до Советот за развој на Скопски плански регион, најдоцна до 1(први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.**

**Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на финансики план на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.**

**Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.**

**Во случај да во рок од три месеци не се усвои финансиски план за финансирање на Центарот за тековната година, се применува финансискиот план од претходната година.**

**Член 10**

**Единиците на локална самоуправа, кои се во состав на скопскиот плански регион, се согалсни, да го финансираат тековносто работење на Центарот, со што секоја година ќе предвидуваат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.**

**Член 11**

**Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локална самоуправа, која е во состав на скопскиот плански регион, се определува на 3 (три) денари по глава на жител.**

**Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на**

**Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на скопскиот плански регион.**

**Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.**

**“Член 11 – а”**

**Средствата за реализација на активностите и задачите на Центарот се обезбедени од страна на Министерство за локална самоуправа,**

**Општините кои влегуваат во состав на Скопски планскиот регион и Градот Скопје, кои се крајни корисници на проекти за развој на планскиот регион, за секој одобрен проект исплаќаат во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на Центарот за реализација и имплементација, а се во согласност со правилник кој ќе го донесе Министерот т.е. член 31 став 7 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24/21).**

**Член 12**

**Директорот на Центарот доставува на усвојување годишен финансиски извештај за работа на Центарот, кој е составен дел на годишниот извештај за работењето на Центарот до Советот за развој на скопскиот плански регион и до Советите на единиците на локалната самоуправа кои се во состав на планскиот регион.**

**Член 13**

**На предлог на членовите на Советот или на предлог на директорот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Центарот.**

**Преодни и завршни одредби**

**Член 14**

**Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а градоначалниците на општините во Скопскиот плански регион и Градот Скопје и Директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за финансирање на своите задачи и активности на Центарот за тековнста година.**

**Член 15**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1538/6** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.08.2021 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишните извештаи за работата на Основните училишта во општина Ѓорче Петров во учебната 2020/2021 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишните извештаи за работата на Основните училишта во општина Ѓорче Петров во учебната 2020/2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и седмата седница, одржана на ден 30.08.2021 година.**

**Број 09-1578/5**
**од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002), член 16 став 1 точка 9 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарите одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/2021), советот на општина Ѓорче Петров на 57-та седница одржана на ден 30.08.2021 година, донесе:**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишните извештаи за работата на Основните училишта во општина Ѓорче Петров во учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров ги усвои Годишните извештаи за работата на основните училишта во општина Ѓорче Петров, во учебната 2020/2021 година и тоа:**

- **Годишен извештај за работата на ООУ „Ѓорче Петров" за учебната 2020/2021година,**
- **Годишен извештај за работата на ООУ „Мирче Ацев" за учебната 2020/2021 година,**
- **Годишен извештај за работата на ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски" за учебната 2020/2021 година,**
- **Годишен извештај за работата на ООУ„Страшо Пинџур" за учебната 2020/2021 година,**
- **Годишен извештај за работата на ООУ „Тихомир Милошевски" за учебната 2020/2021 година,**
- **Годишен извештај за работата на ООУ„Јоаким Крчовски" за учебната 2020/2021 година .**

**Член 2**

**Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-1538/7** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.08.2021 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишните програми за работата на Основните училишта во општина Ѓорче Петров во учебната 2021/2022 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишните програми за работата на Основните училишта во општина Ѓорче Петров во учебната 2021/2022 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и седмата седница, одржана на ден 30.08.2021 година.**

**Број 09-1578/6**
**од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен Весник на Р.С.М.“ бр. 161/19), член 16 став 1 точка 6 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарите одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/2021), советот на општина Ѓорче Петров на 57-та седница одржана на ден 30.08.2021 година, донесе:**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишните програми за работата на Основните училишта во општина Ѓорче Петров во учебната 2021/2022 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров ги усвои Годишните програми за работа во учебната 2021/2022 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров и тоа:**

- **Годишна Програма за работата на ООУ „Ѓорче Петров“ за учебната 2021/2022 година,**
- **Годишна Програма за работата на ООУ „Мирче Ацев“ за учебната 2021/2022 година,**
- **Годишна Програма за работата на ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ за учебната 2021/2022 година,**
- **Годишна Програма за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ за учебната 2021/2022 година,**
- **Годишна Програма за работата на ООУ „Тихомир Милошевски“ за учебната 2020/2021 година,**
- **Годишна Програма за работата на ООУ „Јоаким Крчоски“ за учебната 2021/2022 година .**

**Член 2**

**Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1538/8** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.08.2021 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година**
**на ООУ „Ѓорче Петров“**

**Се објавува Мислењето за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „Ѓорче Петров“, што советот на општина Ѓорче Петров го усвои на Педесет и седмата седница, одржана на ден 30.08.2021 година.**

**Број 09-1578/7**
**од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на статututот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.3/19 и 5/2021) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, советот на општина Ѓорче Петров на 57-та Седница одржана на ден 30.08.2021 година, го донесе следното:**

**Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“**

**Доставената Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ „Ѓорче Петров“ за учебната 2021/2022 ги предвидува следниве излети и екскурзии:**

**-еднодневен есенски излет на учениците од I до IX одделение- Сарај-Скопје**

**-еднодневен пролетен излет на учениците од I до IX одделение- Манастир Св.Никита, Скопје**

**-еднодневна екскурзија на учениците од III одделение-Вруток**

**- настава во природа за учениците од V одделение - Охрид**

**- дводневна екскурзија за учениците од VI одделение- Охрид**

**- тродневна екскурзија за учениците од IX одделение- Охрид**

**Комисијата за образование, наука, здравствена и социјална заштита на децата на општина Ѓорче Петров констатира дека Програмата за организирање и реализација за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ „Ѓорче Петров“ во учебната 2021/2022 ги содржи сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основно образование.**

**Комисијата за образование, наука, здравствена и социјална заштита на децата на општина Ѓорче Петров констатира дека ученичките екскурзии и други слободни активности во услови на кризна состојба поради спречување на ширење на вирусот COVID–19 (коронавирус) треба да се реализираат согласно Плановите и Протоколите за постапување на Владата на Северна Република Македонија.**

**Број 08-1538/9**
**Од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година**
**на ООУ „ Мирче Ацев "**

**Се објавува Мислењето за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „ Мирче Ацев ", што советот на општина Ѓорче Петров го усвои на Педесет и седмата седница, одржана на ден 30.08.2021 година.**

**Број 09-1578/8**
**од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на статутутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.3/19 и 5/2021) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, советот на општина Ѓорче Петров на 57-та Седница одржана на ден 30.08.2021 година, го донесе следното:**

**Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ „МИРЧЕ АЦЕВ“**

**Доставената Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ „Мирче Ацев“ за учебната 2021/2022 ги предвидува следниве излети и екскурзии:**
**- еднодневен есенски излет на учениците од I до IX одделение-Сарај, Скопје**
**-еднодневен пролетен излет на учениците од I до IX одделение-Кучково, Скопје**
**-еднодневна екскурзија на учениците од III одделение-Лешочки манастир Св.Атанасиј**
**- настава во природа за учениците од V одделение –Струга**
**- дводневна екскурзија за учениците од VI одделение-Струмица**
**- тродневна екскурзија за учениците од IX одделение Охрид**

**Комисијата за образование, наука, здравствена и социјална заштита на децата на општина Ѓорче Петров констатира дека Програмата за организирање и реализација за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ „Мирче Ацев“ во учебната 2021/2022 ги содржи сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основно образование.**

**Комисијата за образование, наука, здравствена и социјална заштита на децата на општина Ѓорче Петров констатира дека ученичките екскурзии и други слободни активности во услови на кризна состојба поради спречување на ширење на вирусот COVID–19 (коронавирус) треба да се реализираат согласно Плановите и Протоколите за постапување на Владата на Северна Република Македонија.**

**Број 08-1538/10**
**Од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година**
**на ООУ „ Димитар Поп Георгиев – Беровски“**

**Се објавува Мислењето за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 202/2022 година на ООУ „ Димитар Поп Георгиев – Беровски “, што советот на општина Ѓорче Петров го усвои на Педесет и седмата седница, одржана на ден 30.08.2021 година.**

**Број 09-1578/9**
**од 30.08.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на статутутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.3/19 и 5/2021) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, советот на општина Ѓорче Петров на 57-та Седница одржана на ден 30.08.2021 година, го донесе следното:**

**Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ „ ДИМИТАР ПОП ГЕОРГИЕВ – БЕРОВСКИ“**

**Доставената Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ „Димитар Поп Георгиев – Беровски“ за учебната 2021/2022 ги предвидува следниве излети и екскурзии:**

**- еднодневен есенски и пролетен излет на учениците од I до IX одделение-Сарај, Скопје**

**- еднодневен есенски и пролетен излет на учениците од I до IX одделение-Сарај, Скопје**

**-еднодневна екскурзија на учениците од III одделение-Крушево**

**- настава во природа за учениците од V одделение - Струга**

**-дводневна екскурзија за учениците од VI одделение-Велес,Штип и Струмица, Дојран**

**- тродневна екскурзија за учениците од IX одделение- Западна Македонија**

